Михајло МИНОСКИ

# НЕКОИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА ОДНОСОТ НА РУСКИТЕ ДИПЛОМАТСКИ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СКОПЈЕ СПРЕМА НАСТАНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА 1897 И ПОЧЕТОКОТ НА 1898 ГОДИНА

Настаните од крајот на 1897 и почетокот на 1898 година во Македонија кога била разоткриена мрежата на Тајната македонска революционерна организација, познати како Виничка афера,[1] со внимание биле следени од европската дипломатија и општественост. На видело излегло постоењето на масовно македонско националноослободително движење предводено од добро организирана национална револуционерна организација.[2]

Македонското прашање повторно се појавило на европската дипломатска сцена како мошне актуелно прашање што го загрозувало мирот на Балканскиот Полуостров, со можни сериозни импликации во односите на големите сили. Бидејќи на тоа подрачје се вкрстувале интересите, пред сè на Русија и Австро-Унгарија, овие две сили имале меѓународно признат ста-

1. Македонското прашање на дипломатската сцена за прв пат се појавува на Цариградската конференција од 1876 год., а како особено актуелно меѓународно прашање се наметнува на Берлинскиот конгрес и во времето и по Кресненско-Разловечкото востание од 1878/79 година. (За тоа види: Македонија во Источната криза 1875—1881 година, Скопје, 1978; Уставот на Македонскиот востанички комитет во Кресненското востание, Скопје, 1980 год.)

2. Хр Настевъ, Винишка афера. — Илюстраций Илинден, 1939/XI, кн. 5, с. 5—8; кн. 6, с. 5—7; кн. 8, с. 4—6; Македония и Одринско 1893—1903. Мемоар на Вътрешната организация (б.м.), 1904; Александар Апостолов, Виничката афера, прво масовно разоткривање на ТМРО. — Историја, Скопје, 1997/XIII, бр. 2, с. 105—114; Михајло Миноски, Прилог кон прашањето за положбата на македонските револуционери Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Ал. Коцев во злогласниот турски затвор Подрум-кале. — Гласник ИНИ, Скопје, 1976/XX, бр. 2, с. 107—116; Михајло Миноски — Ѓорѓи Стојчевски, Австриски документи за Виничката афера 1897/1898 година. — Гласник ИНИ, Скопје, 1981/XXV, бр. 2—3, с. 329—355; Петар Стојанов, Петар Поп Арсов, Скопје, 1963; Манол Пандевски, Учителското движење во Македонија 1893—1912, Скопје, 1962, с. 34-35; Христо Матовъ, За своята революционна дейностъ. Бележки. / Б. м. б. г), с. 24—37

тус на директно заинтересирани за Балканскиот Полуостров. Во постојната констелација на силите и во согласност со своите подолгорочни цели и интереси, тие се определиле за политика на мир и територијална целост на османската држава со Македонија во нејзиниот состав. За тоа била постигната целосна согласност со билатералната спогодба од 1897 година.[3]

Царска Русија била против секакво револуционерно движење и посебно против масовно националноослободително движење во Македонија. Се определила во догледно време по секоја цена да се зачува постојната состојба во европскиот дел на Турција и во поширокото подрачје на Балканскиот Полуостров. За постигнување на таквата цел, при сè поотворените претензии на соседните балкански држави во Македонија, руската дипломатија работела за српско-бугарско зближување односно за нивно спогодување врз принципот двете страни да се воздржат од претензии за доминантни позиции за себе. Така поставената генерална политика на руската балканска политика во тоа време биле задолжени да ја реализираат руските дипломатски претставници, во прв ред во Цариград, во Македонија, Белград и Софија.

Српскиот дипломатски претставник во Цариград Стојан Новаковиќ во еден свој извештај до претседателот на српската влада д-р Владан Ѓорѓевиќ, од 17 јуни 1898 година, ги изнесува и целите на руската балканска политика. При тоа тој пишува дека „главната основа на руските упатства (за своите дипломатски претставници—б.ММ) била: да се работи на српско-бугарско зближување и да не им се советува ни на едните ниту на другите исклучивост и претерување".[4]

Руската дипломатија била добро запозната со експанзионистичките цели на балканските држави: Бугарија, Србија и Грција кои во тоа време ја засилиле пропагандната подривачка

---

[3]. D-r Alfred Pribram, Die Politischen Geheimverträge Österreich-Ungarns 1879—1914. Nach den Akten Wiener Staatsarchivs. Herausgegeben und Bearbeiter. Erster Band, Wien und Leipzig, 1920, s. 78—81; д-р Михајло Миноски, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878—1903. Скопје, 1982, с. 209—212, 307—307; Македонија како интересно подрачје на Хабзбургшката монархија во плановите и договорите за поделба на Османската империја (1686—1898). — ГИНИ, Скопје, 1974/XVIII, бр. 2, с. 75—77; Ставот на Австро-Унгарија спрема македонското националноослободително движење во предилинденскиот период (1893—1903). — Прилози за Илинден 1978, II, Крушево, 1979, с. 542—543; Христо Андонов—Полјански, Европските држави и македонското прашање. — Историја, Скопје, 1972/VIII, бр. 1, с. 34

[4]. Државни архив Државног секретаријата иностраних послова ФНРЈ (понатаму: ДА ДИСП ФНРЈ) Београд, фонд. Политичко оделење (ф.: ПО). Преписка 1898, фасцикла VII. Краљевско посланство Србије, П. бр. 923, Цариград, 17 јуна 1898. Ст. Новаковић д-р Владану Ђорђевићу, Претседнику министарског савета и министру иностраних дела у Београду.

дејност во настојувањето да си обезбедат што поповолни позиции при идната поделба на европските територии на Османската држава. Меѓутоа, настаните во Македонија од крајот на 1897 и почетокот на 1898 година, посебно масовноста на подготвуваното ослободително движење, ја изненадиле и Русија. Сите странски конзули во Македонија и дипломатските претставници во Цариград многу внимателно го следеле текот на настаните и за тоа редовно ги известувале своите влади.[5] Дипломатските претставници на Русија и Австро-Унгарија, согласно инструкциите од своите влади, работеле на смирување на положбата и за враќање на редот и мирот во Македонија. Забележителна активност пројавил и секретарот на британската амбасада во Цариград, Елиот.[6]

Турската влада користејќи се со заинтересираноста на големите сили за брзо смирување на положбата и нивното евидентно спротивставување на менувањето на состојбите на Балканскиот Полуостров и посебно во Македонија, со ангажирање на силни полициски и воjнички сили, со примена на масовен терор, брзо воспоставила ред. Плашејќи се од можните опасни импликации со евентуалното вмешување на големите сили, што во Цариград не се исклучувало со оглед на нагласениот интерес и ангажираноста на нивните дипломатски претставници, турската влада се одлучила да ги ослободи сите уапсени, над петстотини,[7] освен десетина кои специјален суд, по куса постапка, ги осудил на смрт, за веднаш потоа смртната казна да им биде заменета со доживотна робија.[8] Истите веднаш биле спроведени во злогласниот затвор Подрум-кале во Мала Азија.[9]

Во времето на најжестоките прогони и масовните насилства вршени од турските полициски и воjнички сили, македонското население за заштита се обраќало до дипломатските претставници, при тоа и на рускиот конзул во Скопје. Меѓутоа, Лисевич, во врска со положбата во Македонија, не само што се покажал ревносен спроведувач на официјалната руска политика

---

5. Haus Hof und Statsarchiv Wien. Politischés Archiv/HHStA PA/XXXVIII. Konsulate 1848—1918: Monastir, 1897/AM—M. 317 (II); Usküb, 1897—1899 (AM—M. XVI/187); Salonich, 1897/AM—M. 317 (II); Михајло Миноски — Ѓорѓи Стојчевски, Австриски документи за Виничката афера 1897/1898. — ГИНИ, Скопје, 1981/XXV, бр. 2-3, с. 229—355; Михајло Миноски, Прилог кон прашањето за положбата на македонските револуционери.., с. 107—116

6. HHStA (Wien) PA XXXVIII. Konsulate 1848—1918. Usküb, am 7 März 1898 (AM—M. XVI/187); Михајло Миноски — Ѓорѓи Стојчевски. Австриски документи.., Д. 7, с. 349

7. Петар Стојанов, Петар Поп Арсов.., с. 123; Михајло Миноски, Прилог кон прашањето за положбата...., с. 109

8. Михајло Миноски, Прилог кон прашањето за положбата на македонските револуционери.., с, 109

9. Михајло Миноски — Ѓорѓи Стојчевски, Австриски документи за Виничката афера.., с. 330

спрема Македонија и македонското прашање, туку и самиот очигледно немал многу симпатии за македонското дело. Тоа го потврдува австро-унгарскиот конзул во Скопје во еден свој извештај од 22 декември 1897 година, во кој известувал за незадоволството кај македонското население поради „многу студениот онос на рускиот и српскиот конзул во Скопје, во времето на жестоките прогони“.[10]

Меѓутоа, во услови на нагласена ангажираност на дипломатските претставници на другите големи сили, рускиот конзул Лисевич не можел да остане наполно неангажиран во врска со масовните злосторства во Македонија. За ублажување на насилствата, по поплаките од семејствата на измачуваните лица, истиот неколку пати интервенирал кај скопскиот валија.[11] Воздржаниот став на рускиот дипломатски претставник битно не се изменил со доаѓањето на новиот конзул Машков, во почетокот на 1898 година.[12] Машков на должноста руски конзул во Скопје дошол од Белград. Веднаш по доаѓањето пројавил отворен противмакедонски став. За тоа, несомнено, покрај неговиот личен однос спрема револуционерните настани во Македонија, не било без значење и влијанието на српската влада и воопшто на великосрпските кругови за времето на неговиот дотогашен престој во Белград, во својство на руски дипломатски претставник[13]

Затоа барања за заштита биле испраќани до руската амбасада во Цариград. Семејствата на осудените македонски револуционери барале рускиот дипломатски претставник во Цариград да интервенира кај турската влада за нивното ослободување. Во врска со тоа барање амбасадата од своја страна, во февруари 1898 година, се обратила за податоци и мислење до конзулот во Скопје. Конзулот Машков не само што не ги доставил бараните податоци за вистинската состојба на работите, туку, напротив, „ја молел амбасадата да не се застапува за нивно помилување“, бидејќи, според неговото мислење, тоа ќе ги охрабрело македонските револуционери „неказнето повторно да се впуштат во слични авантури, а положбата во Македонија и

---

10. Истото, Д. 2, с. 337; HHSt A (Wien) PA XXXVIII. Konsulate: 1848—1918, Usküb, 22. XII. 1897, № 228. Pissi an den grafen Agenor von Goluchowski.

11. ДА ДСИП ФНРЈ ф.: ПО, преписка 1989, ф-кла VII. Краљевско посланство Србије, Цариград, 17 јуна 1898, П. бр. 923. Ст. Новаковић д-р Владану Ђорђевићу; ф-кла V, 1898, Скопље 23 фебруара 1898 М. Куртовић д-р Владану Ђорђевићу, Претседнику министарског савета и министру иностраних дела.

12. Истото.

13. ДА ДИСП ФНРЈ ф. : Преписка 1898, ф-кла V. Српски краљевски конзулат. Скопље, 23 фебруара 1898, поверљиво лично. М. Куртовић д-р Владану Ђорђевићу.

без тоа била ровита“.[14] Според тоа Машков дејствувал директно и отворено против македонското ослободително дело. Имајќи го предвид претходно кажаното за ставот на неговиот претходник, паѓа в очи дека се обезбедувал целосен континуитет во односот на руските конзули во Скопје спрема македонското ослободително движење.

Повеќе од очигледно е дека рускиот конзул Машков се ставил во услуга на големосрпската пропаганда во Македонија и согласно потребите и целите на истата настапувал пред својата амбасада. Тоа непобитно се потврдува од фактот што истиот својот доверлив одговор на претпоставената амбасада, по прашањето за ослободување на македонските револуционери, претходно го соопштил на српскиот претставник во Скопје Милосав Куртовиќ. Последниот во својот извештај до владата во Белград, од 23 февруари 1898 година, со нескриено задоволство јавувал за постапката на рускиот конзул и ја оценувал како важен потег во интерес на Србија, поточно во интерес на големосрпските стремежи во Македонија.[15]

Со развитокот на националноослободителното движење во Македонија се создавала перспектива за решение на македонското прашање по револуционерен пат, со сопствени сили на македонскиот народ, се стеснувал просторот за дејствување на туѓите пропаганди, вклучувајќи ја и српската. Затоа зачувувањето на постојната состојба во Македонија[16] претставувало непосреден интерес и потреба за Србија и другите моќни надворешни фактори. Сите тие во актуелниот политички момент дејствувале во спрега. Токму во таа смисла Куртовиќ го определувал карактерот на односот на рускиот конзул спрема настаните во Македонија, кога пишува: „Сметам дека Машков со споменатиот одговор (на претпоставената амбасада—ММ), им прави услуга на сите што сакаат да се одложи решавањето на македонското прашање“[17] Тоа било во согласност со категоричната определба на Русија, како впрочем и на другите големи сили, за зачувување на територијалниот статус-кво на Балканскиот Полуостров.

При спроведувањето на руската балканска политика, а особено по однос на македонското прашање, рускиот конзул Машков имал свој личен однос. Тој се ставил во услуга на големосрпската пропаганда без знаење на руската амбасада во Цариград, барем не во тоа време. На тоа упатува податокот дека Машков се плашел „неговите да не дознаат“ за тоа дека своите рапорти му ги доверувал на српскиот дипломатски прет-

---

14. Истото
15. Истото
16. Истото
17. Истото

ставник.[18] Тоа документирано потврдува дека постоела тесна соработка со српската дипломатија.

Врз основа на сето тоа може да се констатира дека настаните во Македонија од крајот на 1897 и почетокот на 1898 година довеле до актуелизирање на македонското прашање на европската дипломатска сцена и пред општественоста неочекувано и за македонските револуционери, по една провала во редовите на Револуционерната организација што добила широки размери во крајно неповолните меѓународни околности.

Големите империјалистички сили меѓу кои и во прв ред царска Русија, биле против менувањето на постојната состојба на Балканскиот Полуостров и решавање на македонското прашање, а најмалку по револуционерен пат. Руските дипломатски претставници во Скопје, од своја страна, отишле уште подалеку со своето непосредно ангажирање против македонското револуционерно движење и борбата за национално ослободување на вековно поробениот македонски народ.

ПРИЛОЗИ:

Док. 1

Извештај на М. Куртовиќ од Скопје, до претседателот на владата и министер на надворешните работи д-р Владан Ѓорѓевиќ во Белград.

Српски кралски конзулат
Поверливо, лично — Скопје, 23 февруари 1898

На господинот д-р Владан Ѓорѓевиќ, Претседател на министерскиот совет и министер на надворешните работи

Белград

Руската амбасада од Цариград барала податоци од г-нот Машков за Бугарите,[19] кои, поради таканаречената Виничка афера, се осудени на доживотна робија (101 година). Амбасадата барала мислење од г-нот Машков дали треба да бидат поми-

---

18. Истото

19. Српската дипломатија во пропагандната борба со другите балкански претенденти на Македонија активноста и акциите на македонските револуционери ги квалификувала пред јавноста и во меѓусебната комуникација како дело на бугарската пропаганда, а Македонците ги нарекувале со името Бугари. Впрочем и сите претенденти биле единствени во негирањето на постоењето на посебен македонски народ и македонска нација.

лувани Бугарите што се компромитирани поради внесување и чување оружје кај масите и сега ја издржуваат судската пресуда во Мала Азија, во местото Подрум.

На споменатото прашање на неговата претпоставена амбасада г-нот Машков вчера испратил одговор во кој молел амбасадата *да не се зазема* (подвлеченото од М.К.) за помилување на именуваните робијаши. Како причина за тоа г-нот Машков навел дека тоа помилување би ги охрабрило Бугарите неказнето да влетуваат во слични авантури, а положбата во Македонија и без тоа е ровита.

Почестен сум господине Министар претседателе ова да Ви го доставам понизно на знаење, со учтива напомена дека *причините на г-нот Машков се сосема умесни и за нас погодни* (подвлеченото мое—ММ), бидејќи Бугарите, навистина, запнале со сите сили и политичкиот дел од својата работа во македонското прашање да го завршат во што покусо време, бидејќи сметаат дека во црковното и народносното прашање ги постигнале потребните успеси, што со нашето дејствување би се намалиле ако остане статус-кво во оваа област.

Сметам дека г-нот Машков со споменатата изјава (одговор) им направи извесни услуги и на сите кои се стремат да ги скротат Бугарите, како и да се одложи решавањето на македонското прашање (подвлеченото мое—ММ).

Ако наоѓате за потребно, наредете ми Ве молам за ова да му се заблагодарам на г-нот Машков.

Ова писмо не носи ред број, бидејќи г-нот Машков бара да биде така. Се плаши неговите да не разберат дека ми ги доверува своите извештаи.

Препис денес му испраќам на г-нот началник во Цариград.

Најпонизен,
Милосав Куртовиќ

ДА ДСИП ФНРЈ, Фонд: МИП ПО,
Преписка, 1898, ф-а V
(АМ- М.449)

Док. 2

Извештај на Стојан Новаковиќ од Цариград до претседателот на владата и министер на надворешни работи д-р Владан Ѓорѓевиќ во Белград.

Кралско пратеништво на Србија
По. бр. 923

Цариград, 17 јуни 1898

Господине Министер претседателе,

На местото на пок. Лисевич за руски конзул во Скопје е поставен г-от Машков, кој таа служба досега ја вршеше во Белград.

Главната основа на руските упатства за Македонија е: да се работи на српско-бугарско зближување и да не им се советува ни на едните ни на другите исклучивост и претерување.

Природно, е при спроведувањето на овие инструкции (на руската влада—б. ММ), секој конзул внесува многу свои лични гледишта. Г-нот Зиновјев* во една прилика се искажа дека лично смета за нивниот битолски конзул г-нот Ростоковски дека забележливо влече кон Бугарите.

Ст. Новаковиќ

ДА ДСИП ФНРЈ, фонд: МИД ПО
Преписка 1898, ф-кла VII
(АМ — М. 450)

Mihajlo MINOSKI

## SOME CONSIDERATIONS CONCERNING THE ATTITUDE OF RUSSIAN CONSULS IN SKOPJE TOWARDS THE EVENTS IN MACEDONIA FROM THE END OF 1897 AND THE BEGINNING OF 1898

### Summary

Towards the end of 1897 in connection with the so called Vinica Affair in Macedonia the net of the Secret Macedonian revolutionary organization was uncovered. Mass torture over the enslaved Macedonian population began. The existance of mass

* Руски амбасадор во Цариград

Macedonian national liberation movement appeared in front of the European diplomacy and public.

The Macedonian national question became actual on the European dilplomatic stage in extremely inconvenient international circumstances. The great powers, before all Russia and Austro—Hungary, were against changing of the existing position in the Turkish empire, and against solution of the Macedonian national question, not in the least on a revolutionary way. The Russian diplomacy was very active in holding the status quo in the Balkans.

The Russian consuls in Skopje Lisevič and Maškov justified and supported the measures of Turkish authorities in calming spirits of the Macedonian population by applying massive torture. They permanently refused to protect the innocent Macedonians with the Constantinople embassy responsible for that purpose. They tended to weaken the Macedonian people for an armed struggle awaiting the grace of Russia.